СДММ

Врз основа на член 64 од Статутот на Социјалдемократската младина на Македонија, и Правилникот за постапката, начинот и критериумите за кандидирање и избор на Претседател на СДММ и членови на органите на СДММ усвоен на седница на Централниот одбор на Социјалдемократската младина на Македонија одржана на ден 13.07.2024, се објавува:

**ОТВОРЕН ПОВИК**

**За самокандидирање на кандидат/ка за Претседател на СДММ**

Социјалдемократската младина на Македонија, согласно статутот, Претседателот на СДММ го избира Конференцијата на СДММ по претходно објавен Повик за самокандидирање за Претседател на СДММ.

За таа цел ги повикуваме сите заинтересирани да се самокандидираат за Претседател на Социјалдемократската младина на Македонија.

Кандидат за Претседател на СДСМ може да биде лице кое е најмалку 2 (две) години член на СДСМ и најмалку еднаш бил избран од Конференцијата на СДММ за член на некои од органите на Младината (претседател, секретар, член на централен одбор, член на надзорен одбор или бил избран за Претседател на Локален клуб на СДММ).

Со доставената самокандидатура за Претседател, кандидатот задолжително доставува:

- Пополнета – Пријава за самокандидирање;
- Лична биографија;
- Изјава за прифаќање на Етичкиот кодекс на СДСМ;
- Програма за работа за 2-годишен период.

Заинтересираните кандидати своите кандидатури, со целосна прилог документација во хартиена форма, во затворен плик со назнака „Самокандидатура за Претседател на СДММ“ да ги доставаат најдоцна до **28.07.2024** година, во седиштето на СДСМ на ул. Бихаќка број 8, Скопје, од 08:00ч до 16:00 часот, или во електронска форма да ги достават на sdmm@sdsm.org.mk со предмет: „Самокандидатура за Претседател на СДММ“.

***Дополнителни информации и потребните обрасци се објавени на веб страната на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија www.sdsm.org.mk.***

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА МЛАДИНА НА МАКЕДОНИЈА